**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ-СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

## НА
## ИНСТИТУТОТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ-СКОПЈЕ

**Број 5**

ISSN 2545-4846 (електронско издание)

**Скопје, 27 август 2018 година**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО ЈУЛИ 2016 ГОДИНА


***Издавач*:**

**ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците - Скопје**

Ул. Илинденска бб, 1000 Скопје

***За издавачот:***

**Д-р Скендер Асани, директор**

***Уредник на издавачката дејност:***

**Д-р Севдаиљ Демири**

***Уредник на Билтенот:***

**Д-р Сефер Тахири**

***Лектор:***

**Проф. Јорданка Шемко**

Бр. 1003-227/1
Дт. 25.07.2017, Скопје
Скопје

Предмет: Материјали за објавување во Билтен

Согласно Законот за научно истражувачка дејност и член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012) и согласно одлуката на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците за објавување на билтенот со број 0201-74/3, на веб-страницата на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, ќе се објавуваат рефератите за избор во научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми и рецензиите на учебници.

Потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во овој Билтен, благовремено да се доставуваат и во електронска форма (kontakt@itsh.edu.mk, sefertahiri@gmail.com), како Microsoft Word 2003 doc. во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia.

Истата содржина на Билтенот се ажурира и во печатена и во електронска форма, регистрирана со број во системот на ISSN (International Standard Serial Number)- Меѓународен стандарден број за сериски и тековни публикации кој овозможува идентификација и контрола на сите извори во континуитет издадени на национално и интернационално ниво.

**Содржина на Билтен број 5, од 27 август 2018 година:**

1. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ОДДЕЛОТ ЗА АЛБАНСКА КНИЖЕВНОСТ (др- Шпреса Мемеди)..........................стр. 5-12
2. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ–ИСТРАЖУВАЧ ВО ДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И ЗА ДЕМОГРАФСКИТЕ ДВИЖЕЊА (м-р Бесник Рамети) ........................................................ стр.13-16
3. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЕТНОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И НАРОДНАТА АРХИТЕКТУРА (м-р Валдета Касапи) ................................................ стр.17-20
4. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ТРИ АСИСТЕНТИ ИСТРАЖУВАЧИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА МЕЃУСЕБНИТЕ КУЛТУРНИ, ИСТОРИСКИ И ЈАЗИЧНИ ВРСКИ МЕЃУ АЛБАНЦИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ СО ДРУГИТЕ НАРОДИ ВО РЕГИОНОТ (м-р Исамет Бакиу, м-р Нора Малиќи, м-р Гзиме Наип) ..............................стр.21-25
5. REFERAT PËR ZGJEDHJEN E NJË BASHKËPUNËTORI SHKENCOR NË SEKTORIN E LETËRSISË SHQIPE (dr.Shpresa Memedi) ..................... fq.30-36
6. REFERAT PËR ZGJEDHJEN E NJË ASISTENTI HULUMTUES NË SEKTORIN E HISTORISË SË SHQIPTARËVE NË MAQEDONI DHE LËVIZJET DEMOGRAFIKE (mr.Besnik Rameti) ......................................................................... fq.37-40
7. REFERAT PËR ZGJEDHJEN E NJË ASISTENTI HULUMTUES NË SEKTORIN E ETNOLOGJISË, HISTORISË SË ARTIT DHE ARKITEKTURËS POPULLORE (mr.Valdeta Kasapi) ......................................................................... fq. 41-44
8. REFERAT PËR ZGJEDHJE TË TRE ASISTENTËVE HULUMTUESËVE NË SEKTORIN PËR LIDHJET KULTURORE, HISTORIKE DHE GJUHËSORE MES SHQIPTARËVE DHE MAQEDONASVE ME POPUJT TJERË TË RAJONIT (mr.Isamet Bakiu, mr.Nora Maliqi, mr.Gzime Naip) ................................ fq. 45-49

**РЕФЕРАТ**
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН СОРАБОТНИК
ВО ОДДЕЛОТ ЗА АЛБАНСКА КНИЖЕВНОСТ

Со Одлука на Научниот совет на ЈНУ Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, бр.0201-287/5 од 31.7.2018 год., избрани сме за рецензенти на јавно објавениот конкурс на 31.7.2018 год. во дневните весници „Лајм", „Нова Македонија" и веб-страницата на Институтот, за избор во звање и вработување на еден научен соработник во Одделот за албанска книжевност на ЈНУ Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје.

Рецензентската комисија во состав: претседател проф. д-р Хамит Џафери (редовен професор, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово), и членови проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска (редовен професор, Филолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје) и доц. д-р Хидајете Азизи (научен соработник, Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје), врз основа на приложените документи, на Советот на Институтот му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, едногласно констатира дека за избор во звањето научен соработник во Одделот за албанска книжевност, на Институт за духовно културно наследство на Албанците - Скопје, се пријавила само еден кандидат:

**д-р Шпреса Мемеди**

**1.Биографски податоци и образование**:

Кандидатката д-р Шпреса Мемеди е родена на 15. 07. 1972 во Тетово.

Потекнува од интелектуално семејство.

Во Гостивар завршила основно и средно образование, во 2000 година дипломира како професор по одделенска настава во Универзитетот „Св. Климент Охридски" -Скопје, се стекнува со звањето дипломиран професор по одделенска работа.

Работи како професор по одделенска настава во основното училиште „Братство" во Гостивар.

Во 2007 година се запишува на постдипломски студии за албанска книжевност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде прва од својата генерација, со успех, го одбрани магистерскиот труд со тема „Влијанието на егзистенцијализмот во романот 'Зошто' на Стерјо Спасе" (2009 година) и се здоби со звањето магистер по филолошки науки.

Во академската 2010 година, се запишува на докторски студии во Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'" во Скопје, отсек Компаративна книжевност, каде, исто така, прва од својата генерација, со успех, ја одбрани докторската дисертација (2012 година) со тема: „Поетиката на егзистенцијализмот во контекст на балканските книжевности" и се здоби со звањето доктор по филолошки науки.

Како резултат на нејзината научно-истражувачка работа има објавено повеќе научни трудови и учествувала на повеќе домашни и меѓународни научни собири.

**2. Оцена на научните резултати**

а) *Научните резултати на кандидатката кои се од особена важност за утврдување за избор во научно звање:*

Кандидатката д-р Шпреса Мемеди во поглед на научно-истражувачката дејност се препознава со неколку научни трудови кои се резултат на научните истражувања во времето на подготовката на магистерскиот и докторскиот труд.
Дел од тоа истражување произлегува од подготовките и работењето во магистерскиот труд, анализите за книжевно-филозофскиот роман ‚Зошто' кој е и првиот албански роман со книжевно-филозофско значење во тоа време која се печати во 1935 година, со специфичниот лик Ѓон Завери, кој како лик е под влијание на западно филозофските мислители и книжевници.

Влијанието на егзистенцијализмот во романот „Зошто" на Стерјо Спасе, е објавено како научен труд во книгата „Бран на спомени" (Valë kujtimesh), во 2015 година.

Симболичната алегорија на Кадаре во романот „Палатот на соништата", е објавено како научен труд исто така во книгата „Бран на спомени".

Во корпусот на научни трудови (необјавени), стои и нејзиното истражување:

Субјектот на ‚Фауст' во романот на Јохан Волфганг – Гете.

Научниот труд со тема „Поетиката на егзистенцијализмот во контекст на балканските книжевности", е објавено во книгата „Човечки судбини" (Fate njerëzish), (2016 год.). Тоа е плод од докторската дисертација обработено во консултации со академик Ферид Мухиќ, и менторот академик Катица Ќулавкова, истражување со кое се потврдува влијанието на западната декадентна филозофија како поетика, врз балканските мислители и книжевници. Нивните мисли и идеи, без образложение, навлегуваат во внатрешноста на големото книжевно гнездо на балканските простори.

Во понатамошната работа на кандидатката е културното, односно книжевното поле, со објавување на три книги со поезија од период 2015/2016/2018 година.

Првото издание со наслов „Бран на спомени" (Valë Kujtimesh) (2015 год., ИК Ватра, Скопје), е книга со поезии каде авторот на индиректен начин испраќа

протесна нота преку песните за сите неправди кои се случуваат на поединецот во овој свет. Во повеќето од  песните таа го сожалува албанскиот човек за неправдите направени во текот на историјата.

Во втората книга „Човечки судбини“ (Fate njerëzish) (2016 год., ИК Ватра, Скопје), исто така во центарот на случувањата е албанскиот човек, со различни истории и случувања, кои се протегаат како непоместени „камења“' и судбини врз нивните болни и сурови  животи.

Третата книга „Чувства и болка“ (Sentimente dhe dhembje) (2018 год., Културен дом, Гостивар), е книга со поезија поделена на два дела. Во првиот дел на лириката на авторот со префинет начин се рефлектираат убавите слики и емотивните моменти на поединецот преточени со убавиот збор и бунтувањето преку сентиментите кои се неразделив  дел на човековото битие. А во вториот дел на книгата, песните на авторката се жив пејзаж, галерија на случувања каде се отсликува сета голема болка на албанскиот човек (поединец), инспирирана од вистинити случувања.

*б) Преглед на конференции, семинари во земјата и во странство:*

Мемеди учествувала на националниот собир - тридневен семинар во Охрид „Junior achivment, 2001“, реализиран со учениците на основните училишта во Гостивар за учење и запознавање на странски јазик (конкретно англиски) преку говор, илустрации, слики и учебник на англиски јазик, запознавање на децата со англиската култура и работата  на децата, ученици во англиските училишта.
Учествувала на еднодневен семинар во О.У. „Гоце Делчев“, 1999 год., организирано од Министерството за образование, Работа во групи со сите професори по одделенска настава.

Учествувала на еднодневен семинар во гимназијата „Нова“, Скопје, во 2002 година, за подобрување на условите за работа во нашите училишта, квалитетот на содржините на учебниците, за подобрување на образовниот системот.
Потоа има учество на следниве научни трибини: „Горна Река и Албанците од Горна Река“ одржана на 14. 12.2013 година, во Хотел Радика, Леуново, организирано од здружението „Горна Река“.

Раководител и координатор на проектот подржан од Здружението„Горна Река“ во 2013/2014/2015/2016/2017 година, во кој имал многу интересни теми:
- Научна трибина: „Влијанието на Јосиф Багери за проширување на образованието во Горна Река“ одржано во Општина Маврово, (Рибница), организиран од здружението „Горна Река“, 6 август 2017 година;
- Научна трибина: „Јосиф Багери – Тешките услови за работа  на големиот учител и деец на албанската духовна просвета во туѓина, Софија - Бугарија“, организирано од Здружението „Горна Река“, одржана во Општина Маврово, (Рибница) 7 август 2016 година;

- Научната трибина: „Експресионизмот, (гласот на револтот) во поетиката на Милош Ѓерѓ Никола под влијание на бедата на поединецот од дваесеттиот век, во Албанија“, организирано од Здружението „Горна Река“, одржано во Општина Маврово, на 8 август 2015 година;
- Научна трибина: „Лириката во песните на Милош Ѓерѓ Никола“ организирано од Здружението „Горна Река“ одржано во Општина Маврово (Рибница), на 10 август 2014 година;
- Научна трибина: „Влијанието на филозофијата на Фридрих Ниче во творечкиот корпус на Милош Ѓерѓ Никола со песната „Trajta e mbinjeriut“ (Ditrymb Nietzschean)“, организирано од Здружението „Горна Река“, одржано во Општина Маврово (Рибница) на 11 август 2013 година.

## 3. Наставно-образовна дејност

Шпреса Мемеди се ангажирал и во наставно-образовната дејност, каде покажал солидни резултати со работата со студентите.

Во периодот од 2011 до 2013 работи како професор во Државниот универзитет во Тетово, каде предава го предметот „Теорија на книжевноста“ во дисперзираните студии во Скопје (група студенти од Катедрата по англиски јазик и книжевност и од Катедрата по германски јазик и книжевност) и во дисперзираните студии во Кичево.

Во текот на 2017 година, исто така, работи како професор во Државниот универзитет во Тетово, предмет „Албански јазик“, со студентите на Филозофскиот факултет.

## 4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Шпреса Мемеди во 1997 година е добитник на второ место во конкурс за поезија одржан за прославата на 28 ноември во Гостивар.

Таа е лектор на две книжевни изданија, и тоа: 1. Пурде, Наџи ,,Arratisja e Leonorës” 2007, ИК Тринга, Tetovë, и 2.Пурде, Наџи ,,Zemra e lënduar”, 2007, ИК Тринга, Tetovë.

## 5. Заклучок и предлог:

Врз основа на приложената документација и изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, согласно со Правилникот за условите и критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања, согласно Законот за високото образование и Законот за научно-истражувачка дејност, Рецензентската комисија констатира дека се исполнети условите кандидатот да се стекне со научно звање.

Според горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците - Скопје, кандидатот д-р Шпреса Мемеди, да ја избере во научното звање НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ ДОЦЕНТ.

Скопје, 22.8.2018

***Рецензентска комисија:***

1. Проф. д-р Хамит Цафери, с.р
2. Проф. д-р Лидија Капушевска - Дракулевска, с.р
3. Доц. д-р Хидајете Азизи, с.р

**Анекс**

**ОБРАЗЕЦ**

ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р ШПРЕСА МЕМЕДИ**
Институција: ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ - СКОПЈЕ

| Реден Број | НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | | |
|---|---|---|---|
| | | Во земја | Во странство |
| 1. | Одбранета докторска дисертација | 8 | |
| 2. | Одбранет магистерски труд | 5 | |
| 3. | Мемеди Пурде, Шпреса. „Бран на спомени“ (Valë Kujtimesh), ИК Ватра, Скопје, 2015 | 5 | |
| 4. | Мемеди Пурде, Шпреса. „Човечки судбини“ (Fate Njerëzish), ИК Ватра, Скопје, 2016 | 5 | |
| 5. | Мемеди Пурде, Шпреса. „Чувства и болка“ (Sentimente dhe dhembje), Културен дом, Гостивар, 2018 | 5 | |
| 6. | Труд со научни резултати:<br>- Симболична алегорија на Кадаре во романот “Палатот на соништата”, 2015, ИК Ватра, Скопје<br>- Влијанието на *егзистенцијализмот во романот „Зошто“ на Стерјо Спасе, 2015,* ИК Ватра, Скопје<br>- Поетиката на егзистенцијализмот во контекст на балканските книжевности, 2016, ИК Ватра, Скопје | 4<br>4<br>4 | |
| 7. | Учество на национален собир:<br>- Научна конференција: „Junior achivment“ 2001 Охрид<br>- Научна конференција гимназија „НОВА“, 2002 Скопје<br>- Научна конференција ОУ „Гоце Делчев Делчев“ 1999 | 2<br>2<br>2 | |
| 8. | Учество на научна трибина: Горна Река и Албанците од Горна Река, 14.12.2013, Хотел Радика, Леуново | 2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Раководител и координатор на проекти организирани од здружението „Горна Река“<br>- Научна трибина: „Влијанието на Јосиф Багери за проширување на образованието во Горна Река“, Маврово, 6 август 2017 година;<br>- Научна трибина: „Јосиф Багери – Тешките услови за работа на големиот учител и деец на албанската духовна просвета во туѓина, Софија - Бугарија“, Маврово, 7 август 2016 година;<br>- Научната трибина: „Експресионизмот (гласот на револтот) во поетиката на Милош Ѓерѓ Никола под влијание на бедата на поединецот од дваесеттиот век во Албанија“, Маврово, 8 август, 2015 година;<br>- Научна трибина: „Лириката во песните на Милош Ѓерѓ Никола“, Маврово, 10 август 2014 година;<br>- Научна трибина: „Влијанието на филозофијата на Фридрих Ниче во творечкиот корпус на Милош Ѓерѓ Никола со песната „Trajta e mbinjeriut“ (Ditrymb Nietzsche-an)“, Маврово, 11 август, 2013 година. | 4<br>4<br>4<br>4<br>4 | |
| | Вкупно | **68** | |
| | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНО ДЕЈНОСТ | | |
| 11. | Предмет „Теорија на книжевноста“ за студентите од Катедрата по англиски јазик и книжевност и Катедрата по германски јазик и книжевност“. Државниот универзитет во Тетово, дисперзирани студии во Скопје, зимски семестар, 2011 год. | 128 x 0,04 = 5.12 | |
| 12. | Предмет „Албански јазик” за студенти од Правен факултет, Државниот универзитет во Тетово, летен семестар, 2012 год. | 64 x 0,04 = 2.56 | |
| 13 | Предмет *„Теорија на книжевноста“ за студенти од Катедрата по германски јазик и книжевност„*. Државниот универзитет во Тетово дисперзирани студии во Кичево, зимски семестар 2012 год | 72 x 0.04 = 2.88 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Предмет „Албански јазик“ за студенти од Филозофски факултет „Државниот универзитет во Тетово, зимски семестар 2017 год. | 48 x 0.04 = 1.92 | |
| | | Вкупно =**12.48** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | | |
| 13. | Добитник на второ место во конкурс за поезија, ,,28 Nëntori”, одржан од Општина Гостивар, 28 ноември 1997. | 2 | |
| 14. | Лектор на книги:<br>-Пурде, Наџи. „Arratisja e Leonorës“, ИК Тринга, Тетово, 2007<br>-Пурде, Наџи. „Zemra e lënduar“, ИК Тринга, Тетово, 2007 | 1<br>1 | |
| | Вкупно | **4** | |

| | |
|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **68** |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **12.48** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **4** |
| **Вкупно** | **84.48** |

Скопје, 22.8.2018 г.

***Рецензентска комисија:***

1. проф. д-р Хамит Џафери, с.р
2. проф. д-р Лидија Капушевска - Дракулевска, с.р
3. доц. д-р Хидајете Азизи, с.р

**РЕФЕРАТ**
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ–ИСТРАЖУВАЧ
ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА
И ЗА ДЕМОГРАФСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Врз основа на јавно објавениот конкурс на 31.7.2018 год. во дневните весници „Лајм“, „Нова Македонија“ и веб-страницата на Институтот, за избор во звање на еден асистент истражувач во Одделот за историја на Албанците во Македонија и за демографските движења, Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје на својата редовна седница одржана на 31.7.2018, со одлука бр. 0201-287/4, ѝ избра за членови на рецензентска комисија во состав: д-р Наим Алими – претседател (научен советник - Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје), д-р Скендер Асани (виш научен соработник - Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје) и д-р Севдаиљ Демири (виш научен соработник - Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје).

Како членови на рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, констатира дека за избор во звањето на еден асистент истражувач во Одделот за историја на Албанците во Македонија и за демографските движења, на Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, се пријавил само еден кандидат:

**м-р Бесник Рамети.**

1. ***Биографски податоци и образование:***

Бесник Рамети е роден на 06.10.982 г. во село Рашче -Скопје, каде што завршил основно образование во 1997 година. Во истиот град во гимназијата „Зеф Љуш Марку“ го завршил средното образование во 2001 година.

Истата година се запишал на додипломски студии на Филозофскиот факултет при Тетовскиот универзитетот во Тетово, каде што во 2006 година успешно го одбранил дипломскиот труд со наслов „Пелазгиското прашање“ и се стекнал со стручниот назив дипломиран историчар (просек 9.50).

Во 2008/2014 година се запишал на магистерски студии на Филозофскиот факултет – насока Историја при Тетовскиот универзитет, каде успешно ги полагал

следните предмети: Историја на светска дипломатија, Албанска историографија на XX век, Историја на Албанскиот народ. Во 2014 успешно го одбранил магистарскиот труд на тема „Скопје и околината за време на Југословенското Кралство 1929-1941", со просек 9.25.

Бесник Рамети е докторанд по Историја, и во 2016 година ја одбрани првата фаза на докторскиот труд во Филозофскиот Факултет при Тетовскиот Универзитет.

Од 2009 работи како професор по историја во гимназијата „Зеф Луш Марку" во Скопје.

2. ***Оцена на научните резултати*** **учество на семинари, работилници, конференции:**

Кандидатот м-р Бесник Рамети покажал голем интерес за историската наука, со примена не само преку наставата со учениците, туку и со истражување и пишување на разни историски теми и присуство на многу научни конференции, семинари и работилници.

Неговиот влог во историската наука, резултираше оваа година (2018), со објавување на првата научна книга со тема „Скопје и околината за време на владеењето на Југословенското кралство 1929-1941". Книгата со 270 страници, е објавена од Фондацијата „Албиз" во Скопје, избрана преку јавен конкурс, и претставува многу интересна тема која зборува поопширно за еден немногу истражен период помеѓу двете светски војни. Со особено значење во оваа книга е обработката на темата аграрна реформа и колонизација, со која најмногу биле оштетени Албанците во овие краеви. Книгата има една богата библиографија и нови архивски документи кои се цитирани со научна апаратура.

Кандидатот м-р Бесник Рамети учествувал во неколку научни конференции, во кои историјата на Скопје и околијата му бил главна преокупација. Така, тој учествувал во научната конференција „Општествениот живот на Албанците во Скопје и околина помеѓу двете светски војни", одржана на 14-15 октомври 2015 година во Скопје, организирана од страна на Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, со учество на триесетина историчари од сите албански краеви. Во оваа конференција, Рамети се појавил со научниот труд „Цивилно административно територијалната распределба на Скопје и околијата", кој се објавил во том број 12 на научното списание на Институтот „Скупи" во 2015 година.

Тој исто така учествува и настапува и во следниве научни и стручни конференции:

-„Историски пристап за холокаустот и за масовните злосторства на Балканот", организиран од страна на Меморијалниот центар на Холокаустот на евреите од Македонија и Министерството за образование и наука на Република Македонија, Скопје, 14-16.09.2015;

-„Холокаустот и масовни злосторства во Балканот по Втората светска војна“, Новите Медиа Алатки, Београд, 3-6.10.2016;
-„Илирско-албанските земји и движењето на населението“, со тема: „Скопје како административен центар на отселувањето на албанскиот народ во Турција (1945-1966)“, Албанолошки институт, Приштина - Косово, 10-12.5.2017.
-„Албанските прогонети и политички затвореници во Република Македонија“, со тема: „Убиствата и отселувањето на Албанците на Македонија од Југославија во период од 1944 до 1961 година“, Здружението за култура „Традита“ - Тетово, 10.6.2017;
-„Призренската лига и албанското прашање во дипломатската сцена“, со научна тема: „Колку Албанците беа подготвени од дипломатски аспект за одлуките на Берлинскиот конгрес“, Универзитет „Александар Моисиу“, Драч – Албанија, 5.6.2018;

Во текот на неговото усовршување како наставник по историја, кандидатот Рамети учествувал и во неколку стручни семинари и работилници. Така, тој со успех го завршил едукативниот семинар за професори од Република Македонија со тема ,,Холокаустот парадигма или почетна точка“, организирано од Министерството за образование и наука на Република Македонија, Скопје, 2016 година; „Современите методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност во средните училишта“ – Скопје, организирано од Центар за едукативни сервиси и Министерството за образование и науки - Биро за развој на образованието во јануари 2013 година; „Стандарди за оценување на постигањата на учениците“, организирано од Едукативен центар „Алгоритам“ и Министерството за образование и науки - Биро за развој на образованието во Скопје, мај 2015 година.

Во делот на стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност, кандидатот м-р Бесник Рамети е, исто така, многу активен. Тој е еден од основачите и претседател на Културно уметничкото друштво „Дуфла“ од Рашче-Скопје, со што дал голем придонес во развојот на културата и народната уметност, особено помеѓу младата популација во неговото родно место.

Тој е активен член на претседателството на Здружението на Албанските историчари во Република Македонија, волонтер како професор по историја во албанските паралелки во Гимназијата „Кочо Рацин“ во Велес итн.

### *3. Заклучок и предлог*

Врз основа на информациите изнесени во овој извештај, како и врз основа на бројните активности на научен, наставен и стручно апликативен план, Комисијата констатира дека кандидатот досега покажал желба и амбициозност во неговото усовршување и академско напредување, што претставува солидна основа за

неговата понатамошна кариера и успешно продолжување со научно - истражувачката работа.

Поради тоа, согласно со Правилникот за условите и критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања и согласно Законот за научно-истражувачка дејност, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ЈНУ Институтот за духовно културно и наследство на Албанците – Скопје, да го избере м-р Бесник Рамети во звањето асистент истражувач во Одделот за историја на Албанците во Македонија и демографските движења.

Скопје, 20.8.2018 год.

***Рецензентска комисија:***

1. проф. д-р Наим Алими, с.р
2. проф. д-р Скендер Асани ,с.р
3. проф. д-р Севдаиљ Демири, с.р

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЕТНОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И НАРОДНАТА АРХИТЕКТУРА

Со Одлука бр. 0201-287/3 на Научниот совет на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците од 31.7.2018 г., избрани сме за рецензенти за избор во звањето на асистент истражувач во Одделението за етнологија, историја на уметноста и народната архитектура во ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Мицаит Положани, проф. д-р Гордана Вренцоска и доц. д-р Ермал Мемеди, врз основа на приложените документи, на Научниот совет на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, констатира дека за избор во звањето на еден асистент истражувач во Одделот за историја на Албанците во Македонија и за демографските движења, на Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, се пријавил само еден кандидат:

**м-р Валдета Касапи.**

**1. Биографски податоци**

Валдета Касапи е родена на 26.05.1972 година во Скопје, каде завршила основно образование во 1986 година. Средното образование го завршила во истиот град, во гимназијата „Зеф Луш Марку“ во 1990 година. Истата година се запишала на додипломски студии по Албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде во 1995 година успешно го завршила и се стекнала со стручниот назив дипломиран професор по албански јазик и книжевност.

Во академската 2009/10 година се запишала на втор циклус студии на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет – Р. Македонија во Скопје, на студиската програма Дизајн на ентериер. Овие студии ги завршила во академската 2011/12 година, а во 2014 успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Можности за организирање дизајн на ентериер на детски градинки со акцент на подобрување на условите за престој”, и се стекнала со стручен / научен назив: магистер по дизајн на ентериер. Во 2016 се запишала на докторски

студии  по комуниколошки науки, (V семестар) - Правен факултет “Јустинијан Први“- Скопје.

Од 1998-2003 година работела како новинар, презентер, додека од 2003 - 2010 година како уредник презентер во МРТВ - втора програма, албански јазик.

Валдета Касапи е и судски преведувач во Основниот  суд  Скопје 1 - Скопје (албански – македонски и македонски -албански).

**2. Учество на семинари/работилници/конференции:**

- „Уметноста на говорот, важен дел во новинарството“ – презентација за учество на годишна конференција од есенски семестар/III
- „Новинар, ПР или портпарол“ – презентација за учество на годишна конференција од зимски семестар/IV
- Работилница  и лиценца за Автентично женско лидерство (Playing Big), Insipirit Coaching, 2017
- Семинар и лиценца за напредна комуникација “Влијателен комуникатор”, Insipirit Coaching, 2017
- Семинар и лиценца за јавен настап, Insipirit Coaching, 2017
- Панелист во  СКСЗМ, „Жената може“, 2016

**3. Научни трудови**

Кандидатот м-р Валдета Касапи во поглед на научно-истражувачката дејност особено се препознава со нејзините научни трудови од областа на дизајнот, како  што е магистерскиот труд на тема „*Можности за организирање дизајн на ентериер на детски градинки со акцент на подобрување на условите за престој*“. Овој труд земајќи во предвид врз база на кои податоци се наслонува, ке влијае многу во подобрувањето на предучилишното унапредување во образованиот, социјалниот и психолошкиот аспект во развојот на децата. Базирајќи се на трудот кои што е позитивно оценет од научни кадри од областа на образованието, социјалата, уметноста и здравството, веке е во процес на реализација како прва градинка од овој вид во нашата земја.

М-р Валдета Касапи пред комисискиот состав на самиот универзитет каде што  следи петти семестар на докторски студии, на Правен Факултет “Јустиниан Први” во УКИМ - Скопје, успешно презентирала две научни конференции. Првата конференција на тема *„Уметноста на говорот, важен дел во новинарството*“ – презентација  за учество на годишна конференција, есенски семестар/III, и втора конференција  на тема *„Новинар, ПР или порпарол*“ – презентација  за учество на годишна конференција, зимски семестар /IV.

Кадидатот во процес на објавување ги има и следниве научни трудови: 1. *„Влијанието на новинарот во односите со јавноста“; 2. „Кастлс како креатор,*

*идеатор и презентер на новата медиумска култура";* и 3. *„Публиката фактор кај мас-медиумите".*

Научните трудови објавени во домашен печат се *„Етиката како основа на академската едукација во новинарството"; „Интересот на домените со новинарска суштина и нивното почитување на правилата";* и *„Употребата на литературниот јазик во медиумите - потреба за регулирање на медиумите".*

## 4. Други активности

- Во 1989 година во рамките на СФР Југославија учествувала со Албанскиот театар, со драмата „Furka e Mistershme", во режија на Бранко Брезовац –во Загреб,Чаковец.
- Во 2015, како координатор на Здружението за застапување и подобрување на здравјето и благосостојбата на жените и децата „AJO", учествувала во организирање, проектирање, сценографија, сценарио, менаџирање.
- 2010 година – сценограф и организатор на целиот проект „Звуците на чаршијата".
- Соработник во Културно-информативен центар Скопје, од 2012-2015.
- Преведување, синхронизација, читање, менаџирање за многу домашни и странски фирми (Mcann Erickson, AG Media, Podravka).
- Преведувач за Американската амбасада во Р. Македонија (со потпишан договор).
- Водител на неколку спектакли, културни, образовни и политички настани.
- Автор на серија документарни емисии во 2003, 2004 во МРТВ – Скопје.
- Работела како Туристички агент во две туристички агенции „Viktoria Turs", ALTER-Turs.
- Работно искуство како новинар во националната телевизија ERA од 1993 до 1996.

## 5. Заклучок и предлог

На распишаниот конкурс за избор на асистент истражувач во Одделот за етнологија, историја на уметноста и народната архитектура на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, објавен во дневните весници во Р. Македонија на 31.07.2018 година, се пријави еден кандидат м-р Валдета Касапи. Врз основа на поднесените документи, активностите на кандидатот м-р Валдета Касапи и изнесениот извештај, Комисијата констатира дека кандидатот има професионално искуство во неколку сфери на културата и медиумите; го завршила вториот циклус студии од областа арт и дизајн во

насоката дизајн на ентериер, при што се стекнала со истражувачки вештини и систематски знаења за дизајн и организација на внатрешен архитектонски простор - ентериер; учествувала во стручни семинари, работилници и конференции, а е автор и на научно-истражувачки трудови и документарни емисии.

Станува збор за перспективен истражувач, кој може успешно да се занимава со научно-истражувачката работа, да напредува во академската кариера и да даде придонес во развојот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, особено во Одделот за етнологија, историја на уметност и народната архитектура. Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Научниот совет на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје да ја избере м-р Валдета Касапи во соработничко звање **асистент истражувач** во Одделението за етнологија, историја на уметноста и народна архитектура на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје.

***Рецензентска комисија:***

1. проф. д-р Мицаит Положани, с.р
2. проф. д-р Гордана Вренцоска, с.р
3. доц. д-р Ермал Мемеди, с.р

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА ТРИ АСИСТЕНТИ ИСТРАЖУВАЧИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА МЕЃУСЕБНИТЕ КУЛТУРНИ, ИСТОРИСКИ И ЈАЗИЧНИ ВРСКИ МЕЃУ АЛБАНЦИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ СО ДРУГИТЕ НАРОДИ ВО РЕГИОНОТ

Врз основа на јавно објавениот конкурс на 31.7.2018 год. во дневните весници „Лајм", „Нова Македонија" и веб-страницата на Институтот, за избор во звање на три асистенти истражувачи во Одделот за меѓусебните културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците со другите народи во регионот, Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје на својата редовна седница одржана на 31.7.2018, со одлука бр. 0201-287/6, нè избра за членови на рецензентска комисија во состав: проф. д-р Илбер Села – претседател (редовен професор – Тетовски универзитет), проф. д-р Ќемал Мурати (научен советник - Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје) и проф. д-р Скендер Асани (виш научен соработник - Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје).

Како членови на рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, констатира дека за избор во звањето на три асистенти истражувачи во Оддел за меѓусебните културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците со другите народи во регионот при Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, се пријавиле четири кандидати: м-р Исамет Бакиу, м-р Нора Малиќи, м-р Гзиме Наипи и м-р Елса Положани. Бидејќи кандидатот м-р Елса Положани, документите ги доставил по затворањето на јавниот конкурс во предвидениот рок, Комисијата одлучи истите да не ги земе предвид.

Овој Извештај се однесува на кандидатите:

м-р Исамет Бакиу,
м-р Нора Малиќи,
м-р Гзиме Наипи.

**1. Кандидат м-р Исамет Бакиу**

Исамет Бакиу е роден на 8.5. 1972 г. во с. Сарај - Скопје, каде што завршил основно образование во 1986/87 г. Во истиот град во гимназијата „Зеф Љуш Марку" го завршил средното образование во 1991 година. Истатата година се

запишал на додипломски студии на Филолошкиот факултет, Катедрата за албански јазик и книжевност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ каде следел два семестри за да замине по тоа во Германија, а потоа две години во Италија. Во 1994 се враќа во Македонија и се запишува на Филолошкиот факултет при Тетовскиот универзитет, каде што во 1999 година дипломирал и се стекнал со стручниот назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност (просек 8.74).

Во 2000/2001 година се запишал на магистерски студии на Филолошкиот факултет – насока Албански јазик при Универзитетот во Приштина каде ги полагал следните предмети: Германски јазик (10) и Јазични влијанија (8). Во 2004 конкурира на Магистерски студии по демократија и човекови права, заемна програма на Универзитетот во Сарајево и Универзитетот во Болоња, каде завршува интензивни интердисциплинарни студии и успешно го брани магистерскиот труд на тема „Поделбата на власта како форма на менаџирање на конфликтот во Југоисточна Европа - Компаративна анализа на Босна и Херцеговина, Македонија и Косово“. Во 2009 година ја нострифицира дипломата во Македонија стекнувајќи се со научен степен магистер по демократија и човекови права.

Има подготвено истражувачки план за докторатура на тема „Правото на верување – конвертирањето во 1913 година на неправославното население во Црна Гора”.

Исамет Бакиу е познавач на повеќе од седум јазици и има повеќе од 15 години стекнато искуство со локални и интернационални организации во Косово, Македонија и пошироко, како што се УСАИД, ОБСЕ, ЕБРД, ОН, и др.

Предавал англиски јазик и други предавања за бизнис при Ипко Институт во 2004 година во Косово. Од 2008-2009, две години асистирал во Универзитетскиот колеџ „Фама“ во Косово (Приштина, Гњилане и Призрен) по предмет Основи на маркетинг. Последните две години предавал англиски јазик во Средното училиште – Гимназија „Сарај“ во Сарај – Скопје.

Во периодот 2000-2004 во склоп на „Косово Бизнис Супорт“ има следено голем број семинари и работилници, работејќи како консултант за бизнис за повеќе од 150 средни и мали претпријатија. Во текот на тие четири години речиси секоја недела следел професионална обука.

Учествувал на мултидисциплинарна конференција во организација на ИЕЛАС, Тетово (мај 2018); Предавање за холокаустот во Сараево - Босна и Херцеговина (2017); Студиско патување во Северна Ирска, со градоначалници од Р. Косово (2011); Семинар „Воените злосторства, геноцидот и мемоарите“- Дубровник, 2005, и др.

Кандидатот м-р Исамет Бакиу еден од основачите и главен уредник на Студентскиот магазин „Студенти“ на студентите од Универзитетот во Тетово од 1995-1998; член на претседателството на Културното друштво „Дрита“ од Сарај;

волонтер како консултант на UNDP RIVERSEE програма 2006 за невладината Western Balkan Initiative; управител на невладини организации: Демократија плус (Скопје, 2017) и Организација за економски и политички истражувања (Приштина, 2011).

Автор на неколку колумни, цртежи, скици и карикатури објавени во локалните печатени и електронски медиуми (објавени во „Факти", „Коха Диторе", „Лајм",„Алмакос" и др.). Автор на четири цртани романи (стрипови) кои може да служат како сценарија за кратки филмови со теми од војната во Косово во 1999, кои сѐ уште не се објавени.

### 2. Кандидат м-р Нора Малиќи

Нора Малиќи е родена на 26.2.1987 во Струга каде што завршила основно училиште. Во истиот град во гимназијата „Нико Нестор" го завршила и средното образование во 2005 година. Истата година се запишала на додипломски студии на Факултетот за правни науки при Универзитетот ФОН во Скопје, каде што во 2008 година успешно го одбранила дипломскиот труд со наслов *„Иднината на Република Македонија во Европска Унија"*, и се стекнала со стручниот наслов дипломиран правник.

Во учебната година 2008/2009 се запишала на втор циклус на студии и успешно го завршила во 2011 година кога со успех го одбранила магистерскиот труд под наслов *„Децентрализацијата и рајонализацијата како услов за интеграција на Република Македонија во Европска Унија"*. Оваа тема е од особена важност имајќи ги предвид напорите на нашата земја за врамување во големото европско семејство.

Кандидатката работела седум години како асистент по правни науки во Меѓународниот универзитет во Струга, каде предавала неколку предмети како што се: *Историја на правото и државата, Историја на дипломатијата, Уставно право, Административно право, Локална самоуправа, Криминалистика и криминологија, Трудово право, Семејно право* и *Финансиско право*.

Од 2013 година е запишан на докторски студии на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од март 2015 година до декември 2017 година работела како проектен менаџер во меѓународната германска организација *Forum Civil Peace Service-forumZFD*, каде што раководела со многубројни регионални проекти.

Во списанието „The Hertigate" на Меѓународниот универзитет во Струга, го објави научниот труд „Организација на дипломатскиот протокол".

Со посебен интерес, ангажираност и посветеност учествувала на многубројни регионални и меѓународни конференции.

Во 2014-2015 година, Нора Малиќи била коредактор на научното списание *„The Heritage*“, во издание на Меѓународниот универзитет во Струга.

Во септември 2010 година учествувала во една меѓународна конференција која што била одржана во Поградец, Албанија, со тема *„Одлуката на жената во локалната самоуправа“*.

Во септември 2011 година учествувала на меѓународниот конгрес со наслов *"Охридскиот рамковен договор како предизвик"*.

Во јануари 2013 година учествувала на меѓународна конференција која е одржана во Скопје со тема *„Процесот на децентрализација во Македонија, главните прашања, трендови, случувања и случувањата во иднина“*.

Мај истата година во Скопје, учествувала на друга меѓународна конференција со тема *„Европската Унија во 21-от век, предизвици и перспектива“*.

Ноември 2013 година во Драч, Албанија, учествувала на *„Меѓународен конгрес за бизнис, технологија и иновација - 2013*“.

Во септември во 2014 година, во Струга, Македонија, учествува на меѓународна конференција со труд под наслов "*Научни предизвици за одржлив развој*".

Октомври 2014 година во Охрид, учествување во меѓународна конференција со тема „ICT влијание на компетитивноста на SMEs“.

### 3. Кандидат м-р Гзиме Наип

Гзиме Наип е родена на 19.9.1985 г. во Куманово, каде што завршила основно образование во 2000 година. Во истиот град во Техничкото средно училиште „Наце Буѓони“ завршила средно образование во 2004 година.

Истата година се запишала на додипломски студии на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2008 година успешно го одбранила дипломскиот труд со наслов *„Организирање во комбинирани паралели“*, и се стекнала со стручниот назив дипломиран професор по одделенска настава.

Во 2008/2013 година се запишал на магистерски студии на Филозофскиот факултет – насока Педагогија, при Тетовскиот универзитет. Во 2013 успешно го одбранил магистерскиот труд на тема *„Улогата на современите технологии во функција на квалитетите на наставниот процес“*.

Ова е теоретска и емпириска работа со научен карактер, во врска со тоа што претставува содржината на образованието и образовните проблеми на образовниот процес во нашите училишта, како и теоријата како феномен во

современата пракса настава. Очигледно овој труд има голем обем, бидејќи дури и во својата образовна работа и воспитно-образовна дејност е разновидна, вклучувајќи техники и современи технологии, во однос на активностите и содржините каде јасно може да се увиди дури и истражувачкиот карактер во остварувањето на целите и задачите поставени според концептуалниот проект. Содржината на трудот вклучува повеќе од 100 страници материјал, разработени во четири дела. Некои потпоглавја се теоретски третирани и презентирани на емпириски начин преку истражување и анализа на развојот на наставно-образовната дејност, во услови и околности на организација на воспитно-образовниот процес во современата настава и преку користење на креативните форми и соодветна примена на наставните технологии во современото учење.

Кандидатот м-р Гзиме Наип, учествувала и во неколку обуки, проекти и семинари, каде дала свој општествен придонес. Го издвојуваме проектот „На пат кон почит и разбирање“, организирано од Институт за трајни заедници на Македонија, Куманово, 2003-2004 година. Исто така, учествувала и на обуката организирана од Министерството за економија во соработка со Универзитетот од Југоисточна Европа во Тетово, на тема „Развој на човечки ресурси и претприемништво“, Скопје, 2013 година.

***ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ***

Врз основа на информациите изнесени во овој извештај, како и врз основа на бројните активности на научен, наставен и стручно-апликативен план, Комисијата констатира дека кандидатите покажале желба и интерес во академското напредување, што претставува добра основа за понатамошна кариера и успешно продолжување со научно-истражувачката работа.

Поради тоа, согласно со Правилникот за условите и критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања и согласно Законот за научно-истражувачка дејност, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ЈНУ Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, да ги избере **м-р Исамет Бакиу, м-р Нора Малиќи и м-р Гзиме Наипи**, во звањето асистенти истражувачи во Одделот за Меѓусебните културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците со другите народи во регионот.

Скопје, 23.8.2018 год.

***Рецензентска комисија:***
1. проф. д-р Илбер Села, с.р.
2. проф. д-р Ќемал Мурати, с.р.
3. проф. д-р Скендер Асани, с.р.

REPUBLIKA E MAQEDONISË

INSTITUTI I TRASHËGIMISË SHPIRTËRORE DHE KULTURORE TË SHQIPTARËVE - SHKUP

# B U L E T I N I

## I

## INSTITUTIT TË TRASHËGIMISË SHPIRTËRORE DHE KULTURORE TË SHQIPTARËVE-SHKUP

**Numër 5**

**ISSN 2545-4846** (botimi elektronik)

**Shkup, 27 gusht 2018**

NUMRI I PARË I BULETINIT U BOTUA NË KORRIK TË VITIT 2016

**Botues:**
**ISHP Instituti i Trashëgimisë Shpirtërore e Kulturore të Shqiptarëve - Shkup**
Rr. "Ilindenska", p. n, 1000, Shkup

***Për botuesin:***
**Dr. Skender Asani**

***Redaktor i veprimtarisë botuese:***
**Dr. Sevdail Demiri**

***Redaktor i Buletinit:***
**Dr. Sefer Tahiri**

***Lektor:***
**Prof. Jordanka Shemko**

Lënda:

*NJOFTIM rreth botimit të materialeve të Buletinit të ITSHKSH-së*

Në pajtim me Ligjin për Veprimtari Hulumtuese Shkencore dhe nenin 132, alineja 5 e Ligjit të Arsimit të Lartë ("Fletorja Zyrtare e RM-së" nr. 35 /2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012) dhe në pajtim me vendimin e Këshillit të Institutit të Trashëgimisë Shpirtërore dhe Kulturore të Shqiptarëve për botimin e buletinit me numër 0201-74/3, në faqen e internetit të Institutit të Trashëgimisë Shpirtërore dhe Kulturore të Shqiptarëve- Shkup, do të botohen referatet për zgjedhje në thirrje shkencore dhe të bashkëpunëtorëve, recensionet për përshtatshmërinë e temës dhe aftësimin e kandidatit për kryerjen e punës shkencore, pasqyrat për disertacionet e lejuara të doktoratës, temat e pranuara të magjistraturës dhe specialistike dhe recensionet e librave universitarë.

Është e nevojshme që të gjitha materialet që janë paraparë të botohen në këtë buletin, në kohë reale të dorëzohen edhe në formë elektronike (kontakt@itsh.edu.mk, sefertahiri@gmail.com), në formatin *Microsoft Word 2003 doc.* me ç'rast do të përdoret lloji i shkronjave *Georgia*.

Përmbajtja e njëjtë e Buletinit botohet edhe në versionin e shtypur, edhe në atë elektronik, dhe është e regjistruar në sistemin e unifikuar të të dhënave të ISSN-së (International Standard Serial Number) - një numër ndërkombëtar serik dhe aktual i botimit që lejon identifikimin dhe kontrollin e të gjitha burimeve të lëshuara në vazhdimësi në nivel kombëtar dhe ndërkombëtar.

***Përmbajtja e Buletinit numër 5, të datës 25 gusht 2018***


1. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ОДДЕЛОТ ЗА АЛБАНСКА КНИЖЕВНОСТ (др- Шпреса Мемеди)...........................стр. 5-12
2. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ–ИСТРАЖУВАЧ ВО ДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И ЗА ДЕМОГРАФСКИТЕ ДВИЖЕЊА (м-р Бесник Рамети) ........................................................ стр.13-16
